МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ




**ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА И УСЛУГИТЕ НА МИГРАНТИТЕ И БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Б И Л Т Е Н

*БРОЈ 05, Јули 2016*

„Подобрување на заштитата на правата и услугите на мигрантите и барателите на азил во Македонија“ е десетмесечен проект кој навлезе во својата завршна фаза на имплементација. Негова основна карактеристика е тоа што сите активности беа насочени кон обезбедување на правна помош за бегалци и баратели на азил преку можностите кои ги нуди државниот систем на бесплатна правна помош. Во оваа насока, Македонското здружение на млади правници долги години наназад голем интерес и внимание посветува на Законот за бесплатна правна помош и работи во поглед на воспоставување на соработка со главните актери од оваа област, а во насока на оформување на системот кој како таков ќе ја овозможи целта за која е впрочем и донесен.

Овој билтен е петти по ред од серијата билтени, кој ќе се обиде да ги претстави завршните активности на проектот, а воедно да даде преглед на моменталната состојба на пограничните кампови, во кои се уште се присутни лица кои секојдневно се во исчекување за отварање на границите за да можат да го продолжат патот кон својата посакувана дестинација.

**Во овој број:**


- ⇒ **Заврши имплементацијата на проектот**
- ⇒ **Јавна дебата „Примена на бесплатна правна помош во постапка за признавање право на азил“**
- ⇒ **Препораки за подобрување на државниот систем за бесплатна правна помош**
- ⇒ **Останати информации поврзани со бегалската криза**

## ЈАВНА ДЕБАТА ЗА ПРИМЕНАТА НА БПП ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ




На 12.07.2016 година во рамки на проектот, во Хотел Арка се оддржа јавна дебата за примената на БПП во постапката за признавање право на азил. На дискусијата се отворија прашања за ефектуирање на државниот систем за бесплатна правна помош и овозможување на квалитетна и ефективна правна помош за крајните корисници. Генералниот заклучок е дека Законот за бесплатна правна помош и неговата примена не влијае кон ефективен, уште помалку кон воспоставување на ефикасен систем за пристап до правда на барателите на азил. Најпрво, начелото на итност во постапката не се почитува. Меѓу релевантните надлежни институции постои отежната комуникација за доставување на докази од значење за постапката, стручната оспособеност на централниот орган кој ги оценува поднесените барања за БПП е на релативно ниско ниво, а промоцијата и информираноста за правото од истите органи кон крајните корисници е недоволна, скоро и незастапена. Понатаму, постои потреба од подигнување на способностите на адвокатите и институциите во системот за постапување во оваа област. На крај, се наметна заклучок во однос на потребата од проширување на обемот на претходната правна помош во работата на овластените здруженија.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ СИСТЕМ ЗА БПП

Како најбитни ги издвојуваме следните препораки:

⇒ Вклучување на правниот совет во фазата на претходна правна помош е во интерес на странките. Потребно е проширување на обемот на претходна правна помош во однос на состав на писмени поднесоци.

⇒ Потребно е усогласување на рокот предвиден во ЗБПП со рокот утврден во ЗАПЗ за постапување во итна постапка, како би можело да се обезбеди ефикасност во постапувањето.

⇒ Потребно е подобрување на меѓуинституционалната соработка помеѓу централниот орган за одлучување по поднесените барања за БПП (МП), подрачните одделенија за БПП на МП, како и надлежните органи за достава на докази за потврдување на статусот на барателот на азил (МВР - Сектор за азил, МТСП или надлежен ЦСР).

⇒ Потребно е, зајакнување на капацитетите на државните органи, како и стручно оспособување на адвокатите,  а меѓудругото и формирање на посебна листа во рамките на регистарот на адвокати- даватели на БПП, кои ќе обебзедуваат правна помош на баратели на азил.

# ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ ПОВРЗАНИ СО БЕГАЛСКАТА КРИЗА

Како што веќе претходно е познато, границите кои беа користени од страна на бегалците за преминување од една во друга држава до посакувана дестинација каде ќе побараат заштита, беа затворени на 9-ти март, а истото беше потврдено на Самитот на 17-ти и 18-ти март помеѓу европските лидери и Турција во поглед на решавање на бегалската криза. Оттогаш, не постоеја изгледи дека границите повторно ќе се отворат, иако Србија и Унгарија заземаат став дека рутата сеуште е жива. Наспроти официјалниот договор кој и повеќе од очигледно се применува во однос на бегалската рута, е ставот и прогнозата на врховниот командант и претседател на РМ, г-дин Ѓорѓе Иванов, според кој претстои „...втор бран, во кој се очекува да доминираат економски мигранти кои најчесто доаѓаат од неразвиени средини во Африка, лица кои се поагресивни и кои многу ризикуваат...“.

Во поглед на оценување на барањата за азил во европските земји, релевантен фактор е националната листа на безбедни земји на потекло кои ја имаат изработено секоја држава посебно. Во моментот 12 земји на ЕУ имаат посебни листи на безбедни земји, кои меѓу себе не се координирани и можат да предизвикаат различен третман на слични барања за азил. Тргнувајќи од овој практичен проблем, на 07ми јули, се оддржа состанок на Комисијата за граѓански слободи на Европскиот парламент во Стразбур, кога и е решено да се изготви заедничка европска листа на безбедни земји на потекло како замена на спомenатите различни национални листи. Оваа заедничка листа ќе претставува помошна алатка на земјите членки на ЕУ во процесот на разгледување и одлучување по поднесените барања за азил. Европската комисија ќе го води процесот на изработка на листата која претходно ќе треба да направи проценка во однос на тоа која земја ќе биде вклучена на истата и која земја ќе биде отстранета поради влошена состојба. Методологијата по која ќе се доделува статус на една земја како безбедна земја на потекло ќе биде по претходен процес на консултација на Европска комисија со трети страни, особено со Европската канцеларија за азил, УНХЦР и невладини организации. Европската комисија одлуките за вклучување или отстранување на земјите од оваа листа ќе ги носи врз основа на постоечката законодавна постапка. Од овој концепт за безбедна земја на потекло ќе постои исклучок за оние лица кои се малцинство или припаѓаат на група луѓе за кои постои ризик во одредени земји. Исто така, Европската канцеларија за поддршка на азилот ќе треба да направи проценка на ситуацијата во Турција и на земјите од Западен Балкан, која проценка впрочем ќе се земе предвид пред да биде одлучено која земја да се вклучи во листата.

„Примената на концептот на безбедна земја на потекло не ослободува од обврската да се спроведе соодветно индивидуално испитување на релевантните барања за азил“ е потенцирана обврска на земјите од страна на европратеничката Силви Гијум, а во врска со индивидуалното оценување на секое барање, вклучувајќи и разговор со барателите, а по амандманите на ЕП и автоматско суспензивно дејство на жалбите.

**БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ ВО РМ ИМААТ ПРАВО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПОСТАПКАТА ЗА БАРАЊЕ АЗИЛ**

ДА ИМ ГО ОЛЕСНИМЕ ПАТОТ ДО ИНСТИТУЦИИТЕ!

Во 2016, преку државниот систем за БПП не е овозможена правна помош од адвокат за ниту еден барател на БПП во постапка за азил. БПП за бегалците, мигрантите и барателите на азил се уште се овозможува од страна на МЗМП како овластено здружение и како долгогодишен партнер на УНХЦР.

**БЕГАЛЦИТЕ ИМААТ ПРАВО НА ИНФОРМАЦИИ ЗА НИВНИТЕ ПРАВА И ОБВРСКИ ВО ОДНОС НА НИВНИОТ ПРАВЕН СТАТУС ВО РМ**

ДА ИМ ГО ОЛЕСНИМЕ ПАТОТ ДО ИНСТИТУЦИИТЕ !



Зошто децата од Сирија се фотографираат со фотографии од Pokemon?!? - бидејќи имаат надеж дека луѓето ќе погледнат под цртежот и ќе го видат очајниот детски израз.

Погледнете го видеото кое го покажува значењето на мобилниот телефон во рацете на бегалецот и што овој апарат претставува за него и за неговото патување.

Потсетник од фотографии на луѓе кои во текот на Втората светска војна чекореа по истиот пат по кој сега чекорат оние што бегаат од сириски конфликт, но во спротивен правец избегнувајќи ја Европа.

Праксата на државните институции повеќе да работат на олеснување на транзитот, отколку кон подобрување на националниот систем за азил доведе до формирање општ став дека мнозинството од барателите на азил ја гледаат Македонија повеќе како земја - транзит отколку како конечна дестинација.

**МАЛОЛЕТЕН БАРАТЕЛ НА АЗИЛ ГО ИМА ИСТОТО ПРАВО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ПРАВО НА АЗИЛ КАКО И СЕКОЈ ДРУГ БАРАТЕЛ НА АЗИЛ**

ДА ГИ ПОТТИКНЕМЕ ИНСТИТУЦИИТЕ ДА ГО ОТВОРАТ ПАТОТ КОН ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВА ПРАВО!

**ЕДЕН БАРАТЕЛ НА АЗИЛ ЧЕКА ПРОСЕЧНО 3 ПАТИ ПОВЕЌЕ ВРЕМЕ ОД ПРОПИШАНИОТ ЗАКОНСКИ РОК ЗА ДА ДОБИЕ БЕСПЛАТЕН АДВОКАТ ОД ДРЖАВАТА**

ДА ЈА ПОДОБРИМЕ ЕФИКАСНОСТА НА РАБОТАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ!

**СОВЕТИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ДАДЕНИ ОД СЛУЖБЕНИЦИТЕ НА ПРВАТА ЛИНИЈА НА КОНТАКТ ПРИ ВЛЕЗ ВО РМ СЕ ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА БЕГАЛЦИТЕ**

ДА ГИ ОХРАБРИМЕ ИНСТИТУЦИИТЕ ДА ВЛОЖУВААТ ВО ОВИЕ СЛУЖБЕНИЦИ!

**ПОДОБРУВАЊЕ НА**
**ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА И УСЛУГИТЕ НА МИГРАНТИТЕ И БАРАТЕЛИТЕ НА АЗИЛ ВО МАКЕДОНИЈА**

**Македонско здружение на млади правници**
**Контакт: Елена Георгиевска, egeorgievska@myla.org.mk**

**Подржано од Фондација отворено општество Македонија**